# THE CONDITION OF GIFTED STUDENTS IN PRIMARY EDUCATION

**Lidjia Kamcheva – Panova**
UGD, Faculty of Philology – Shtip, North Macedonia, lkamceva@yahoo.com
**Slavica Pilatova**
Municipal Primary School "Goce Delcev" Shtip, North Macedonia, slavica.pilatova@yahoo.com

**Abstract:** Giftedness is a concept that often provokes discussions and a concept that cannot be easily and simply defined. There is still no concrete definition that will describe giftedness in its entirety. Gifted students and their teaching have always been interesting for analysis by those involved in education. However, one of the basic problems in the teaching process in our schools is the still present traditional method of learning and teaching, which does not allow a different approach to the differences that are visible among students despite the commitments that are written on paper.

The Parliamentary Assembly of the Council of Europe has adopted Decree 1248 of 1994, which reaffirms education as a basic human right, and believes that education should, to the greatest extent, suit each individual. The educational system must be organized in such a way as to provide adequate education for a larger number of children, but there will always be children with special programs. One group of such children are exceptional children. According to this Decree, no country can allow itself to waste the gifted and talented, and not to identify intellectual and other potential in time because this would mean the loss of its own human resources.

The education and upbringing of gifted students become a problem within the framework of mass education and globalization. Gifted students have special abilities in certain areas, but most of the time are not engaged in the right way. In addition to this, excessive teaching content, and overloading of students within subjects leads to fatigue, self-doubt and loss of motivation.

In this paper, we want to analyze the existing legal procedures and opportunities for working with such students, and the possibility of their identification and evaluation. That is, let's see the condition of such students as well as their treatment in schools and the opportunities offered by the educational process in the Republic of North Macedonia and see if there is or is not a sufficiently operationalized system of measures, activities, procedures that are aimed at the gifted and talented students.

**Keywords:** gifted students, primary education, condition

# СОСТОЈБАТА НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Лидија Камчева – Панова**
УГД, Филолошки факултет – Штип, lkamceva@yahoo.com
**Славица Пилатова**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, slavica.pilatova@yahoo.com

**Резиме:** Надареноста е поим кој често предизвикува дискусии и поим кој не може лесно и едноставно да се дефинира. Сè уште не постои конкретна дефиниција која ќе ја опише надареноста во целост.

Отсекогаш, надарените ученици и нивното подучување се интересни за анализа на оние кои се бават со образованието. Но, еден од основните проблеми во наставниот процес во нашите училишта е сè уште присутниот традиционален метод на учење и подучување и кој не дозволува различен пристап кон различностите кои се видливи кај учениците и покрај пишаните на хартија заложби.

Парламентарното Собрание на Советот на Европа има донесено Уредба 1248 од 1994 со која го реафирмира образованието како основно човеково право, и верува дека образованието треба во најголема мера да одговара на секој поединец. Образовниот систем мора да биде така организиран да овозможува адекватно образование за поголем број на деца, но секогаш ќе постојат деца со посебни програми. Една група на такви деца се исклучителните деца. Според оваа Уредба земјите не треба да си дозволат осипување на надарените и талентираните, и се обврзани навреме да ги идентификува интелектуалните и другите потенцијали кај учениците за да не се изгубат сопствените човечки ресурси.

Образованието и воспитанието на надарените ученици станува проблем во рамките на масовното образование и глобализацијата. Надарените ученици имаат посебни способности во поедини области, но најчесто не се ангажирани на прав начин. Покрај ова, преобемните наставни содржини, преоптеретеноста на учениците со наставни предмети води кон замор, несигурност во себе и губење на мотивација.

Во овој труд сакаме да направиме анализа на постојните законски процедури и можности за работа со ваквите ученици, можноста за нивно идентификување и вреднување. Односно, да ја согледаме состојбата на ваквите ученици како и нивниот третман во училиштата и можностите кои ги нуди воспитно – образовниот процес во РСМ и да видиме дали постои или не постои доволно операционализиран систем на мерки, активности, постапки кои се насочени кон надарените и талентирани ученици.

**Клучни зборови:** надарени ученици, основно образование, третман

## 1. ВОВЕД

Џеферсон рекол:„Не постои ништо нееднакво колку што е еднаков третманот на нееднаквите луѓе“.

Според Декларацијата за образованите права на надарените и талентирани деца, сите деца имаат сопствено право да го развиваат сопствениот потенцијал и според ова право на надареното дете е да биде вклучено во адекватни образовни искуства и да биде во група и во интерактивен однос со другите надарени деца во учењето како би било сфатено, разбрано, ангажирано и предизвикано. Не треба надареното дете да биде користено како тутор или асистент во подучувањето итн.

Парламентарното Собрание на Советот на Европа има донесено Уредба 1248 од 1994 со која го реафирмира образованието како основно човеково право, и верува дека образованието треба во најголема мера да одговара на секој поединец. Образовниот систем мора да биде така организиран да овозможува адекватно образование за поголем број на деца, но секогаш ќе постојат деца со посебни програми. Една група на такви деца се исклучителните деца. Според оваа Уредба земјите не треба да овозможат осипување на надарените и талентираните, и треба навреме да ги идентификува интелектуалните и другите потенцијали кај поединците со цел да се спречи губењето на сопствените човечки ресурси.

Надареноста е поим кој често предизивкува дискусии и поим кој не може лесно и едноставно да се дефинира. Сѐ уште не постои конкретна дефиниција која ќе ја опише надареноста во целост.

Отсекогаш, надарените ученици и нивното подучување се интересни за анализа на оние кои се бават со образованието. Но, еден од основните проблеми во наставниот процес во нашите училишта е сѐ уште присутниот традиционален метод на учење и подучување и кој не дозволува различен пристап кон различностите кои се видливи кај учениците и покрај пишаните на хартија заложби. Подучувањето се базира на поставување проблем, задача, тема пред учениците и ги решава подеднакво исто за сите ученици, барајќи и од нив ист пристап кон решавање на одередена задача.

Со право можеме да констатираме дека надарените ученици, во најголем дел од училиштата во РСМ, се ставени во „ќош“, а од државните институции овие ученици не се препознаваат.

## 2. ТЕОРЕТСКА РАЗРАБОТКА

Надарени и талентирани се два поима кои најчесто означуваат личност која покажува способност и можност за посебни достигнувања и резултати или за оние извонредните. Овде ќе ја споменеме дефиницијата на Сидни Марланд (Sidney Marland), како најчесто цитирана: „Надарените и талентирани деца се оние, кои поради нивните посебните спососбности и можности, се во состојба да постигнуваат повисоки достигнувања и цели“. Повисоките постигнувања се однесуваат на остварени резултати во неколку области: општа интелектуална способност; специјални академски способности; креативно и продуктивно мислење и размислување; лидерски способности – способност за водење, визуелни и други уметности и психомоторни способности (Gallagher,1985)

I. Koren (1989) ќе рече дека надареноста е состав на особини кои му овозможуваат на поединецот трајно да постигнува високи реултати во едно, две или повеќе подрачја. Овој состав на особини го сочинуваат општи и специфични способности, креативност, мотивација и карактеристиките на личноста.

Надарените поединци се оние кои имаат високо развиени способности, а талентирани оние кои постигнуваат високи достигнувања во некои активности (музика, спорт...) (Gagne 1985).

Основни компоненти на надареноста се: надпросечно развиени способности, особини на личноста и креативност (Renzulli 1986).

## 3. СОСТОЈБАТА И ТРЕТМАНОТ НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РСМ

Образованието и воспитанието на надарените ученици станува проблем во рамките на масовното образование и глобализацијата. Надарените ученици имаат посебни способности во поедини области, но најчесто не се ангажирани на прав начин. Покрај ова, преобемните наставни содржини, преоптеретеноста на учениците со наставни предмети води кон замор, несигурност во себе и губење на мотивација.

Имајќи ги во предвид училишниот систем и организација во основните училишта во РСМ, проучувајќи ги карактеристиките на воспитно – образовниот процес, анализирајќи ги наставните планови и програми, согледувајќи ги Годишните програми и Годишните извештаи на основните училишта во РСМ, како и законските регулативи, правилници и стратегии, ќе укажеме дека не постои доволно операционализиран систем на мерки, активности, постапки кои се насочени кон надарените и талентирани ученици. Постои само теоретска декларативна грижа за нив и нивниот развој, сè уште се на крајот на интересирањата, подучување и учење ориентирано на просечност, немање мотивациски ситем за надарените ученици и наставниот кадар, недоволно развиена индивидуализирана настава за вакви ученици, преголеми одделенија итн.

Во Законот за основно образование ( од 2020 година), само декларативно, во еден член се опфатени талентираните и надарените ученици. Во член 34 се кажува дека министерот за образование и наука на предлог на Бирото за развој на образованието донесува Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, пото се дава опис на надарените и талентираните ученици дека тоа се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста, всушност претставува високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста претставува постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт. Понатаму се вели дека со Концепцијата, се уредува препознавањето и идентификацијата на талентираните и надарени ученици, мерки и активности за работа.

Оваа Концепција сè уште не е изработена. Не постои ниту Правилник за работа со оваа категорија на ученици.

Во член 75 од Законот за основно образование, се однесува на мотивацијата на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, односно училиштето треба да ги пофалува, односно наградува. Оние ученици кои постигнуваат натпросечни резултати да им се издадат посебни дипломи и пофалници. Во овој член се наведува дека училиштето треба да избере првенец на генерацијата, ученик кој завршува деветто одделение и кои има постигнато значајни постигања во текот на своето деветгодишно образование во основното училиште. Овде завршува мотивацијата на надарените и талентирани ученици.

Промовираното инклузивно образование кое е процес кој се осврнува на различните индивидуални потреби за развој на учениците, при што им се дава еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование се однесува само на ученици со посебни пбразовни потреби - попреченост и во член 11 се вели дека инклузивното образование вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца. Во Законот за основно образование е предвидена Концепција за инклузивно образование и таа е изработена, но во неа се опфатени само учениците со потешкотии и попреченост.

Што се однесува до идентификација, вреднување и оценување на надарените ученици, Законот не предвидува вакви активности, освен во член 145 каде се дава можност ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува.

Новата Концепција за основно образование (март 2021) изобилува со флоскули од типот „ново училиште“, „училиште по мерка на детето“, инклузивност, но повторно се сведува само на подетално навлегување на реформата за ученици со потешкотии и попреченост и на крајот инклузивноста се сведува на грижа „ниту едно дете да не заостане“, но не и да напредува. Во Концепцијата се предвидени изборни предмети според желбата, афинитетот, можностите и способностите на учениците, сами да ги избираат наставните изборни предмети кои ќе ги посетуваат. По направената анализа на Годишната програма за работа на училиштата, дистрибуцијата и ангажираноста на наставниот кадар, разговорот со наставниците и директорите во неколку училишта во Општина Штип, состојбата е дека, сепак, изборните предмети се избираат да ги задоволат најпрво потребите за фонд на часови на наставниот кадар, а потоа се земаат во предмет интересите на учениците (особено изразено во предметна настава). Во делот на Прилагодување на наставата, од Концепцијата, е предвидено, наставниците да ја прилагодуваат наставата и на учениците коишто побрзо напредуваат (надарените и талентираните ученици) врз основа на нивните индивидуални потенцијали за високи достигања во една или повеќе области. За да се задржи интересот за учење за време на часовите, наставниците ја практикуваат индивидуализираната наставата, со тоа што им задаваат посложени задачи, ги вклучуваат во проекти и применуваат други мерки и активности во работата со нив. На надарените и талентираните ученици училиштето им обезбедува и менторска поддршка преку соработка со стручни лица и институции. Колку наставниците се подготвени и имаат знаења за идентификација на надарени ученици е прашање кое дополнително треба да се разгледува. По направениотуивид на дневни подготовки за редовен

наставне час на 68 предметни наставници, од 6 до 9 одделение, од 3 основни училишта во Општина Штип, нема диференцирана настава, наставни содржини, методи и техники кои ќе ги задоволат потребите на надарените ученици. По разговорот со наставниците, заклучокот е дека нема такви ученици, кои посебно се истакнуваат и можеме да ги сврстиме во надарени ученици. И покрај овие искази од наставниците, има ученици кои посетуваат додатна настава и учествуваат во натпревари со постигнување на значајни резултати.

Во Стратегијата за образованието 2018 – 2025 е нотирано дека недостасуваат и соодветни системски решенија за идентификација и работење со талентирани ученици. Вакви решенија сè уште нема донесено.

Според Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта, додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет. Додатната настава можат да ја следат ученици од прво до деветто одделние и тоа: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици што се пријавуваат за учество на натпревари. Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Наставникот е должен да му понуди на ученикот од членот 12 од овој правилник следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава.

Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.

Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение. За реализација на додатната настава наставникот: ги идентификува учениците; изготвува програма за додатна настава согласно интересите на ученикот; ја реализира програмата; го следи и контролира напредокот на ученикот и води педагошка евиднција за додатна настава. Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот.

Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето.

Во разгледаните Годишни програми на неколку основни општински училишта, во делот за додатна настава стои цитиран членот од Законот за основно образование и накратко наведено што претставува додатната настава: „Почнувајќи од II одделение застапеноста и организацијата на додатната настава е планирана во распоредот на работното време на наставниците и се организира во текот на целата наставна година. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и се наменети за ученици кои покажуваат афинитети и интереси за одредени наставни подрачја. За таа цел се применуваат индивидуални форми на работа, работа во тандеми и групи, а поретко се користи и фронтална работа со учениците од групата.“ (Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ – Штип за учебната 2023/2024 година).

Во делот, од Годишната програма, Програми и организација на работата во основното училиште, постои дел 8.12 – Работа со надарени и талентирани ученици. Во Годишните програми на овие неколку училишта пишува дека, учениците кои се надарени/талентирани, се идентификувани од наставниците на почетокот на учебната година, како и во текот на годината. Со соодветни инструменти се идентификува областа на надареност и конкретното ниво на способности, според кои подоцна наставниците ги планираат конкретните задачи за унапредување на знаењата на учениците. Овие ученици се вклучуваат во додатна настава и имаат прилика да ги истакнат своите способности на организираните натпревари во текот на годината. Во некои Годишни програми, се дадени и планот и програмата за работа со овие ученици.

Од анализираните годишни извештаи не неколку основни општински училишта во Штип, ја констатираме следнава сосотојба: за додатната настава е наведено дека наставниците реализирале часови предвидени за додатна настава и дека одделенските или предметните наставници педагошката евиденција за додатна настава ја воделе електронски во текот на целата учебна година. Понатаму се наведени учествата на натпревари како и учениците кои освоиле награди на овие натпревари.

Во Годишните извештаи во делот - Работа со надарени и талентирани ученици, кратко стои дека надарените и талентирани ученици се индентификувани од страна на стручната служба во соработка со одделенските раководители, преку стандардизирани тестови и матрици. Реализацијата на програмата била преку активности во рамки на додатната настава, слободните ученичките активности и активностите предвидени

од страна на стручната служба, а рзултатите од реализацијата можат да се видат во прегледот на освоени пофалби и награди.
Во Годишната програма за работа на психолог, во некои од училиштата воопшто нема предвидено работа со надарени и талентирани ученици. Таму каде што има предвидено, од страна на психологот, работа со вакви ученици, пишува дека учествува во идентификација на надарени и талентирани ученици, помош и поддршка на наставниците во градење на индивидуален пристап во работата со надарените ученици, консултативно-советодавна работа со овие ученици и нивните родители како и следење на напредокот и постигнувањата на учениците по класификациони периоди. (Годишна програма за работа на психологот за учебната 2023 / 2024)
При анализа на Годишните извештаи за работа на психологот, воопшто не е напишано што е сработено во текот на учебната година со овие ученици, всушност и она малку што е предвидено, можеме да кажеме дека не е реализирано. (Годишни извештаи за учебната 2022/2023 година).
Во Прирачникот за Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, се дадени 6 подрачја, кои опфаќаат компетенции во знаења, вештини и професионални вредности. Во четвртото подрачје, Социјална и образовна инклузија, се опфатени компетенции кои треба да ги поседува наставникот само во делот на дополнителна поддршка на ученици со потешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби на кои им е потребна помош. Во ниту едно подрачје, не се споменати надарените и талентирани ученици, како и компетенции кои наставниците треба да ги поседуваат во работата со оваа група на ученици.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во овој труд, беше направен обид, накратко да се види состојбата со надарените ученици во основните училишта. Беше направена анализа на оние носечките документи кои ја третираат оваа работа. Можеме, за жал, да потврдиме дека со оваа група ученици воопшто не се работи, ниту од страна на наставниците, ниту од страна на педагошко – психолошката служба. Со жал, можеме да потврдиме дека и од страна на државата и ресорните органи оваа категорија на ученици е ставена на маргините или воопшто не се споменува. Состојбата во која се наоѓаат овие ученици е крајно разочарувачка од самиот факет дека за овие ученици се грижиме само декларативно, покажуваме многу мал, периферен интерес за нив, како држава насочени сме кон просечноста, нема изградено мотивационен систем за надарените ученици, како и за наставниците, училишната клима, култура и амбиент не се прилагодени за работа со овие ученици, непостоење на професионално усовршување на наставниците во оваа област.
Со овој труд, сакаме да истакнеме дека крајно време е да се посвети поголемо внимание на надарените и талентирани ученици, како „нашата иднина“.
Работата со надарените и талентирани ученици е сложен процес, за кој се потребни голем број на компетентни човечки ресурси, потребни се финансиски средства како и мотивација за наставниците и стручните служби во училиштата.
Работата со надарените и талентирани ученици треба да биде работа од стратешки карактер, како за локалната заедница така и за државата. Тоа е работа која треба попрецизно да биде дефинирана како и да се изгради операционализиран систем на постапки и мерки за стимулирање на работата со надарени и талентирани ученици, со единствена цел, да не ни се одлеваат „мозоците“ во други држави, да ја зачуваме младината овде, да им ги подобриме условите за работа, учење и творење на надарените ученици и секако да ги поставиме на пиедесталот кој го залужуваат.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Малчески, Р., & Малческа, Ц. (2019). Работа со надарени ученици (второ издание), Армаганка, Скопје
Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ – Штип за учебната 2023/24 година, http://oougocedelcevstip.mk/
Годишна програма за работа на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип за учебната 2023/24 година, https://ooudimitarvlahov.wordpress.com/
Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ – Штип за учебната 2023/24 година, http://oouvancoprkestip.edu.mk/
Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ – Штип за учебната 2022/23 година, http://oougocedelcevstip.mk/
Годишен извештај за работата на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип за учебната 2022/23 година, https://ooudimitarvlahov.wordpress.com/

Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“ – Штип за учебната 2022/23 година, http://oouvancoprkestip.edu.mk/

Закон за основното образование, Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20

П р а в и л н и к за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта,( 23.3.2020), превземено на 4.9.2023 од https://mon.gov.mk/content/?id=3240

Публикација, Основни професионални компетенции и стандарди за наставници (2016), Македонски центар за граѓанско образование, Скопје
https://www.mcgo.org.mk/pub/Kompetencii_standardi_za_nastavnici_MK.pdf

Концепција за основното образование, март 2021, Министерство за образование и наука, Скопје, https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

Концепција за инклузивно образование, (6.7.2020), Министерство за образование и наука, Скопје, https://mon.gov.mk/content/?id=3277

Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта, 23.03.2020 година, превземено од https://mon.gov.mk/stored/document/Pravilnik-za-organizacija-i-nacinot-na-sproveduvanje-na-doplnitelna-i-dodatna-nastava-vo-osnivnite-ucilista.pdf

Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план, (2018), Министерство за образование и наука, Скопје, http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

Brigandi, B. C., Gilson, M. C., & Miller, M. (2019). Proffesional Development and Differentiated Instruction in an Elementary School Pullout Program: A Gifted Education Case Study. *Journal for the Education of the Gifted* 00(0).

Gagne, F. (1985). Giftedness and talent: reexamining a reexamination of definitions. Gifted child quarterly, 29: 103-112.

Jovanović, M. M., & Minić, V. L. (2018). Vrste nastavnog rada sa darovitim učenicima u redovnoj nastavi. *Baština*, 46, 125–142. Превземено на 1. 9.2023, од https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0353-9008/2018/0353-90081846125J.pdf.

Koren, I. (1989). Kako prepoznati i identificirati nadarenog učenika, Školske novine, Zagreb.

Koren, I. (1987). Pogled na pojavu nadarenosti i ulogu nadarenih pojedinaca u suvremenom svijetu, Školska knjiga, Zagreb.

Marković, O. (2020). Moć darovitih učenika - Priručnik za nastavnike, Obodsko slovo, Podgorica

Nikčević – Milković, A., Jerković, A., & Rukavina, M. (2017). Stanje, problemi i potrebe rada s darovitim učenicima u osnovnim školama u Republici Hrvatskoj, Article *in* Magistra Iadertina 11 (1), DOI: 10.15291/magistra.1325, превземено на 1.9.2023, од https://hrcak.srce.hr/177627

Persson, R. (2019 a). Complexity of giftedness and creativity phenomena – Challenges: an individual and society – International scientific conference book of abstracts.

Renzulli J. S., & Reiss, S. M. (2000). The school wide enrichment model. U: Heller, K. A.; Monks, F. J.; Sternberg, R. K.; Subotnik, R. F. Ur. *International handbook of giftedness and talent*. Oxford: Elsevier press.